Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **ХАБИДОМ ДООЕЛ** за сечење на дрво, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: сечење на урбано зеленило ( јавно зеленило ) на 1 (едно) дрво (дудинка), што се наоѓа на **бул. "Јане Сандански" бр. 109 влез 5 – Скопје.**
2.Сечењето на дрвото ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3.Сечењето на дрвото да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**По поднесеното,** барање, од **ХАБИДОМ ДООЕЛ , ул. "Никола Парапунов" бр. 41 комплекс Макотекс -Скопје,** до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје, заведено под бр. **14-6/19** од **20.01.2023** година, за сечење на дрво што се наоѓа на **бул. "Јане Сандански" бр.109 влез 5 – Скопје,** службено лице од град Скопје заедно со службеникот од ЈП "Паркови и зеленило"-Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација.
Утврдено е дека дрвото предмет на барањето се наоѓа веднаш до шахта, чии корени се навлезени во шахтата и вршат запушување на истата односно го попречуваат нормалниот проток. Барателот има доставено и допис издаден од страна на ЈП „Водовод и канализација" – Скопје бр.0901-1869/2 од 01.03.2023 година, со кој се потврдува дека корените од дрвото навлегуваат во шахтата и го попречуваат нормалниот проток.
Согласно член 8, а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план, како и архитектонско-урбанистички проект.
Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,,. Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,, - Скопје.
Во член 34 став 1 од наведениот закон стои дека корнење, сечење и кастрење дрвја, грмушки и жива ограда на јавни зелени површини може да се врши заради нивно одржување или обновување, ако се нападнати од штетни инсекти и растителни болести, ако се суви или оштетени од елементарни непогоди, ако пречат на подземни или надземни инсталации, кога постои опасност да причинат човечки или материјални штети, ако пречат на видливоста на улиците и на про односта на тротоарите и патеките, како и заради изградба на објекти предвидени со урбанистичките планови.
Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило, дека дрвото штети на подземни инсталации што е потврдено и со документ издаден од страна на ЈП „Водовод и канализација" – Скопје како и дека во случајот не постојат услови за пресадување, па поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.
**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/19/3**
**10.03.2023** година
Скопје

**Доставено до:**
- Барателот, ЈП “Паркови и зеленило” – Скопје и Архива

изготвил:
______________________
**Игор Трпковски**

контролирал:
______________________
**Раководител на Одд.**
**Емил Дуровиќ**

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Раководител на Секторот
за комунални работи

______________________
**Зоран Лапевски**